Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 21 точка 8 од Статутот на општина Василево („Службен гласник на општина Василево“ бр. бр.04/03,08/06 и 09/10), Советот на општина Василево на својата седница одржана на **26.11.2014** година ја донесе следната :

**Програма**
за уредување просторот на градежното земјиште во руралните подрачја на општина Василево за 2015 година

**Вовед:**

Програма се донесува со цел за уредување на просторот во определени места. Програмата е со цел да овозможи задоволување на потребите на градежната оператива за изградба и реконструкција на објекти во населените места. Инаку во програмата се опфатени сите активности поврзани со расчистување на постојни инсталации и други пречки кои ќе се јават при отпочнувањето на реализацијата на програмата.

Со оваа програма се предвидува одредени објекти сопственост на општина Василево да им се изврши одредена адаптација и прилагодување со цел да бидат во функција на граѓаните.

Ова се однесува претежно на објектите како културните домови, школските дворови, и другите комерцијални објекти кои се сопственост на општината.

Степенот на реализација на програмата ќе се реализира согласно динамиката на прибирање на средствата од Буџетот на општина Василево.

**член 1**

**А. Подготвителни работи:**

- ✓ Расчистување на имотно-правни односи доколку постојат,
- ✓ Прибирање на урбанистичка документација и
- ✓ Изработка на инвестициона-техничка документација (проекти).

**Б. Опремување на објектите со инфраструктура:**

- ✓ Реконструкција на објекти во месните заедници (школи културни домови и слично),
- ✓ Оградување и заштита на просторот околу објектите сопственост на општината,
- ✓ Изградба на други објекти од обласста на инфраструктурата.

**член 2**

Уредувањето и реконструкцијата на објектите и земјиштето ќе се врши од средствата што ќе се прибираат од:

- ✓ Буџетот на општина Василево од: 7.400.000 ден.
- ✓ Надоместок за уредување на градежното земјиште средства од: 1.500.000 ден.
- ✓ Средства од АФПРЗ во висина од : 1.400.000 ден.

**Вкупно: 10.300.000 ден.**

**член 3**

**FDA . Уредување на градежно земјиште во населените места во општина Василево**

1. Опремување со парно греење во школото во Доброшинци, Чанаклија,Радичево и Сушево од: 1.000.000 ден.
2. Изградба на повеќенаменско игралиште во с.Седларци средства од 1.500.000 ден.
3. Изградба на повеќенаменско игралиште во с.Дукатино средства од 1.500.000 ден.
4. Изградба на повеќенаменско игралиште во с.Едерниково средства од 1.500.000 ден.
5. Изградба на детско игралиште во паркот во с.Василево средства од 500.000 ден.
6. Изградба на детско забавен парк во с.Ангелци средства од 1.000.000 ден.
7. Изградба на парк во с.Василево средства од 800.000 ден.
8. Изградба на парк во с.Градошорци средства од 800.000 ден.
9. Изградба на мост на новомаалска река за пристап до црква во с.Н.Маала 1.700.000 ден.

**Вкупно: 10.300.000 ден.**

**член 4**

Оваа Програма стапува во сила осмиот ден по објавувањето во Службениот гласник на општина Василево.

Бр.07-2336/1
27.11.2014г.
Василево

Совет на општина Василево
Претседател,
Илчо Колев с.р.